Македонскиот центар за меѓународна соработка има утврдено дека е опаднат бројот на граѓаните, кои дарувале: од 71 проценти во 2009-та година, на 65 отсто во 2010-та. Сашо Клековски, аналитичар од споменатиот центар, кој беше вклучен во истражувањата на добротворството, ги изнесува своите индивидуални согледувања за 2011-та година – дека сепак, постапно започнува да се враќа културата на доброчинителството: Сашо Клековски

„Се враќа малку – помалку таа култура за собирање добротворни прилози низ акции, на која се сеќаваат повозрасните граѓани. Секако, тоа е во зачеток. Се враќа и Црвениот крст на традиционалните акции за собирање средства за возрасни лица, потоа и за хендикепирани лица. Исто така, и детски и други организации се враќаат кон традиционалните начини за мобилизирање на граѓанството за дарувања, или помош на други. И во Македонија повозрасните луѓе се повеќе склони да дадат доброволни прилози и, главно, тие се од посиромашните слоеви.“

Прочитај ја целосната статија: Дојче Веле (26.12.2011)